# М И С Л Е Њ Е
## на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Извештајот за работењето на Банката во 2012 година

Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска криза, нарушеното функиционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Банката во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2012 година.

Годишниот извештај дава комплетна слика за работењето на Банката и нејзините експозитури во 2012 година и оставрените финансиски резултати.
Банката во 2012 година преку инвестиција од 15 милиони евра изврши докапитализација во насока на зајакнување на стабилноста и нејзин развој преку зголемување на пласманите. Извештајот го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Извештајот на систематизиран начин се презентирани остварувањета по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, подобро и квалитетно управување со Банката, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според нашето мислење, Извештајот дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2012 година.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

ПРЕДЛОГ

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот за работењето на**
**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година**

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата на 34.Собрание одржана на ден 30.04.2013 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот за работењето на**
**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2012 година.
2. Извештајот за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2012 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на одобрувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач